РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: г-н Оливер Спасовски, овластен подносител на листа на кандидатот за претседател на Р.М, Стево Пендаровски предложен од 38 пратеници**

**УПП бр. 03-99**

**Скопје 15.04 2014г.**

**Предмет: Одговор на претставка во врска со прилог емитуван на 10.04.2014 година, во вестите на ТВ Алфа**

Почитувани,

Во врска со вашата претставка доставена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 11.04.2014 година и евидентирана во Уписникот за постапување по претставки и предлози УПП бр. 03-99, ве известуваме за следново:

Прилогот на кој посочувате во претставката емитуван во вестите на ТВ Алфа во 14 часот и 50 минути на 10 април 2014 година, се однесува на резултати од испитување на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес за Предвремените парламентар-ни избори. Во Роковникот на ДИК за извршување на изборните дејствија за спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија 6 март - 27 април 2014 година, стои дека резултати од испитување на јавното мислење за овие избори се објавуваат најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите, односно до 22 април 2014 година, и напомена дека „не смеат да се објавуваат на 12 и 13 април 2014 година, како време на изборен молк за првиот круг на гласање за Претседателските избори 2014 година“. На 10 април важеше ограничувањето за објавување резултати од испитување на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес за Претседателските избори. Оттаму, со емитувањето на овој прилог радиодифузерот не го прекршил член 77 став 1 од Изборниот законик и Агенцијата нема да поведе прекршочна постапка.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател,**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги СКОПЈЕ

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

- Одговорот е доставен и до ТВ Алфа


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Бул. ВМРО бр.3
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk